NLB Banka

## <u>Прашања од акционерите</u>

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на Собранието и пред денот на одржување на седницата.

Банката може да даде еден збирен одговор на прашањата со иста содржина на самата седница на Собранието.

Банката може да одговори и директно на акционерот или да ги објави одговорите на поставените прашања на својата интернет страница во формат на прашања и одговор.

Доколку акционерот има намера да постави прашање и пред денот на одржување на седницата, прашањето акционерот го доставува во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционерот – физичко  лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен поптис на законскиот застапник на акционерот – правно лице.

Заедно со доставеното прашање акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација, и тоа:

**<u>За акционер физичко лице се приложува:</u>**

- извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите во оригинал, не постар од три дена;
- копија од лична карта или пасош.

**<u>За акционер правно лице се приложува:</u>**

- извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите во оригинал, не постар од три дена;
- последна тековна состојба од Централниот регистар во оригинал не постара од седум дена;
- копија од лична карта или пасош на законскиот застапник.

**<u>Адреса на која се доставува барањето:</u>**

НЛБ Банка АД Скопје
Ул. Водњанска бр. 1
1000 Скопје
Правни работи и Секретаријат
со назнака **“за Годишно собрание на акционери“**